**ИНФОРМАЦИЈА ЗА СОСТОЈБА СО ГОЛЕМА КАШЛИЦА**
**ВО Р. СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2024 ГОДИНА, ЗАКЛУЧНО СО 18.04.2024**

## Неделни податоци

Во периодот од 12-18.04.2024 година пријавени се 46 нови случаи на голема кашлица, со зголемување од 4,5% споредено со претходниот седмодневен период (n=44). Во однос на географската дистрибуција, најголем дел од случаите се пријавени во рамките на епидемијата во Скопје (n=37), а пријавени се случаи и во Битола (n=3), Куманово (n=2) и по еден случај во Тетово, Крива Паланка, Прилеп и Струмица. (Табела 1)

Возраста на заболените се движи од 1 месец до 73 години, а најголем број на случаи се од возрасната група 10-14 години (n=14).

Во однос на вакциналниот статус на заболените, 31 лице е некомплетно вакцинирано, невакцинирани или има непознат вакцинален статус, 13 се комплетно вакцинирани и 2 се вакцинирани согласно возраст.

Од новите 46 случаи, 9 случаи (19,6%) се хоспитализирани.

***Табела 1. Географска дистрибуција на случаи на голема кашлица во РСМ, 12-18.04.2024***

| Град/ Општина | број на заболени лица |
|---|---|
| **Скопје** | **37** |
| Карпош | 8 |
| Кисела Вода | 6 |
| Аеродром | 5 |
| Центар | 5 |
| Гази Баба | 2 |
| Чаир | 2 |
| Бутел | 2 |
| Арачиново | 2 |
| Ѓорче Петров | 1 |
| Сарај | 1 |
| Шуто Оризари | 1 |
| Петровец | 1 |
| Студеничани | 1 |
| **Битола** | **3** |
| **Куманово** | **2** |
| **Прилеп** | **1** |
| **Крива Паланка** | **1** |
| **Тетово** | **1** |
| **Струмица** | **1** |

**Кумулативни податоци**

Заклучно со 18.04.2024, во РСМ се регистрирани вкупно 489 случаи на голема кашлица, со инциденца од 26,6/100 000 жители. Тоа претставува неколкукратно зголемување на бројот на заболени во однос на изминатиот петгодишен период (2019-2023 година), кога се регистрирани вкупно 10 случаи.

Дистрибуцијата на случаите по однос на место на живеење покажува дека најголем број лица живеат во Скопје - 392 (80,2%) со зафаќање на седумнаесет различни општини (Табела 2).

Во рамките на епидемијата во Куманово се пријавени 27 заболени лица (5,5%), а случаи се пријавени и во други 15 градови низ државата.

***Табела 2. Географска дистрибуција на случаи на голема кашлица во РСМ, 2024***

| **Град/ Општина** | **број на заболени лица** | **Град/ Општина** | **број на заболени лица** |
|---|---|---|---|
| **Скопје** | **392** | **Тетово** | **18** |
| Аеродром | 100 | Тетово | 7 |
| Карпош | 78 | Теарце | 5 |
| Кисела Вода | 46 | Желино | 3 |
| Центар | 34 | Брвеница | 2 |
| Ѓорче Петров | 28 | Боговиње | 1 |
| Чаир | 27 | **Гостивар** | **5** |
| Гази Баба | 18 | Гостивар | 4 |
| Бутел | 16 | Врапчиште | 1 |
| Сарај | 11 | **Струмица** | **3** |
| Студеничани | 11 | Струмица | 2 |
| Шуто Оризари | 8 | Босилово | 1 |
| Петровец | 5 | **Кочани** | **3** |
| Чучер - Сандево | 3 | **Кратово** | **3** |
| Сопиште | 2 | **Крива Паланка** | **3** |
| Арачиново | 2 | **Прилеп** | **2** |
| Илинден | 2 | Долнени | 2 |
| Зелениково | 1 | **Струга** | **2** |
| **Куманово** | **27** | **Дебар** | **2** |
| Куманово | 26 | **Пробиштип** | **2** |
| Липково | 1 | **Велес** | **2** |
| **Битола** | **22** | **Кавадарци** | **1** |
| Битола | 21 | **Гевгелија** | **1** |
| Могила | 1 | **Кичево** | **1** |

Највисока инциденца од 64,6/100.000 жители се регистрира во Скопје, а висока инциденца се регистрира и во Кратово (39,8/100.000), Битола (23,6/100.000) и Куманово (21,8/100.000). (Картограм)

*Картограм. Инциденца на 100.000 жители по ЦЈЗ/ПЕ, голема кашлица во РСМ, 2024*




Во однос на **<u>возрасната дистрибуција</u>**, заболените лица се на возраст од 1 месец до 78 години (медијана 11,8 години). Најголем број заболени припаѓаат на возрасната група од 10-14 години (n=135; 27,6%), потоа се децата на возраст до 4 години (25,8%), односно 75 случаи (15,3%) припаѓаат на возрасната група под 1 година, а 51 (10,4%) се деца на возраст од 1 до 4 години. Највисока инциденца се бележи во возрасната група под 1 година и изнесува 453,6/100.000 жители. (Графикон 1).

Дистрибуцијата **по пол** покажува дека 243 лица се од машки пол, а 246 од женски, односот на машки-женски е 1:1.

***<u>Графикон 1</u>. Дистрибуција на заболените од голема кашлица (n=489) по возраст, во Р. Северна Македонија, 2024 година***



**Епидемиската крива** укажува дека појавувањето на нови случаи на голема кашлица започнува во првата недела од 2024 година. Согласно податоците од евиденцијата на пријавувањето (за седмодневен период од понеделник-недела) се забележува континуиран пораст на бројот на случаи на неделно ниво, до 12-та недела. Од 12-та недела, со мали варијации, бројот на пријавени случаи се намалува.

***<u>Графикон 2.</u> Дистрибуција на заболените од голема кашлица (n=489) според недела на пријавување (до 18.04.2024 од 16-та недела), во Р. Северна Македонија, 2024 година***




Во однос на **<u>вакциналниот статус</u>**, 294 лица (60,1%) од заболените не се вакцинирани, се некомплетно вакцинирани согласно возраста и Календарот за имунизација или се со непознат вакцинален статус (Графикон 3).

Комплетно вакцинирани или вакцинирани согласно возраста се 195 лица (Графикон 3).

Од случаите кои се комплетно вакцинирани (n=169), просек на поминато време од последната доза на вакцина до заболување изнесува 12,8 години (SD=8,7 години).

***<u>Графикон 3.</u>* *Вакцинален статус и возрасна група на заболените (n=489) од голема кашлица во Р.Северна Македонија, 2024 година***




Од заболените, **<u>хоспитализирани</u>** се 69 лица (14,1%), и тоа 55 (79,7%) од нив на возраст до 4 години. Најголем број од случаите (47; 68,1%) се хоспитализирани во УК за белодробни заболувања кај деца во Козле. Од вкупниот број на хоспитализирани лица, 61 е испишан. Во просек, заболените биле хоспитализирани по 8 дена.

Од вкупниот број (n=489) на регистрирани случаи на голема кашлица, лабораториски потврдени се 487 и тоа во Авицена (140), Институт за јавно здравје (119), Биотек (95), Синлаб (46), ЦЈЗ Куманово (24), КБ Систина (18), ЦЈЗ Битола (15), Лаор (10), Жан Митрев Клиника (8), КБ Битола (5), Ремедика (4), Плодност Битола (2) и Рамус (1).

**Класификација на случаите:**

Согласно Правилникот за критериуми за дефинирање на случаи на заразни болести (Службен весник бр.19/2018), од вкупниот број на пријавени случаи (n=489) на голема кашлица, **487 се класифицирани како потврдени случаи** (лабораториски конфирмирани), а **два случаи се класифицирани како веројатни** (има епидемиолошка врска со лабораториски потврден случај). Епидемиолошките истражувања покажуваат поврзаност на 88 случаи.

**Спроведени активности за вакцинација со вакцина која содржи компонента на голема кашлица на територија на Град Скопје и Републиката**

Согласно препораките од Комисијата за заразни болести и Институтот за јавно здравје, во периодот од 18.01.2024 досега, сите вакциналните пунктови во земјата, во соработка со епидемиолошките служби од ЦЈЗ, вршат интензивно избарување на неевидентирани, невакцинирани и некомплетно вакцинирани лица, како и на лицата кои подлежат на редовна вакцинација, со цел нивно повикување и вакцинирање согласно националниот Календар за имунизација.

***Скопје - број на вакцинирани лица од 18.01-18.04.2024***

Согласно податоците доставени од ЈЗУ Здравствен дом – Скопје, од Службите за вакцинација (Гази Баба, Чаир, Карпош, Кисела Вода и Центар) беше утврдено дека се пронајдени **18.709 деца пропуштени за вакцинација. Од нив вакцинирани се 10.761** (57,5%). Од вакцинираните, најголем број и процент примиле I-ва ревакцина (5.515; 51,2%).

Согласно возраста и Календарот за **редовна вакцинација, вакцинирано е 11.561 дете** на возраст до 7 години, а најголем број и процент (6.960; 60,2%) од вакцинираните деца примиле I, II и III доза на примовакцинација.

Вкупниот број на дози вакцина која содржи компонента против голема кашлица, дадени како примовакцинација (I,II,III доза) или ревакцинација (I,II ревакцина) на територија на Скопје во периодот од 18.01-18.04.2024 изнесува **22.322**.

***Северна Македонија (без Скопје) - број на вакцинирани лица од 18.01-18.04.2024***

Од доставените податоци од Центрите за јавно здравје, пронајдени се 8.744 деца **пропуштени за вакцинација, од нив се вакцинирани 4.874** (55,7%). Од вакцинираните, најголем број и процент примиле I-ва ревакцина (2.438; 50,0%).

Согласно возраста и Календарот **за редовна вакцинација, вакцинирани се 13.848 деца** на возраст до 7 години, а најголем број и процент (7.106; 51,3%) од вакцинираните примиле I, II и III доза на примовакцинација.

Вкупниот број на дози вакцина која содржи компонента против голема кашлица, дадени како примовакцинација (I,II,III доза) или ревакцинација (I,II ревакцина) во периодот од 18.01-18.04.2024 изнесува **18.722**.

*<u>Графикон 3.</u> Број на администрирани дози на вакцина како примовакцинација и ревакцинација во Скопје и останати градови во Р. Северна Македонија, 2024 година*







**Заклучоци**

- Во 2024 година се регистрирани 489 лица заболени од голема кашлица.
- Сѐ уште најголем број од заболени лица се регистрирани на територијата на Скопје (80,2%), а заболени се регистрирани во 16 други градови низ РСМ.
- Во тек се две епидемии пријавени во ниво на територијата на Скопје и Куманово.
- Најголем број заболени припаѓаат на возрасната група од 10-14 години (27,6%), највисока инциденца се бележи во возрасната група под 1 година и изнесува 453,6/100.000 жители.
- Од вкупниот број на регистрирани случаи (489), 294 случаи (односно 60,1%) не биле вакцинирани, не се комплетно вакцинирани согласно возраста или нема доказ за вакцинација.
- Од случаите кои се комплетно вакцинирани (n=169), просек на поминато време од последната доза на вакцина до заболување изнесува 12,8 години.
- Од пријавените 489 случаи, лабораториски се потврдени 487 случаи.
- Од 18.01-18.04.2024, **дадени се вкупно 41.044 дози на вакцина** која содржи компонента против голема кашлица.

**Оддел за епидемиологија на заразни заболувања**
**Институт за јавно здравје на РСМ**

19.04.2024